**20090941806**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА ВОЗИЛАТА И НИВНИ ОЗНАКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат регистрационите подрачја за возилата и нивните ознаки.

Член 2

Регистрационо подрачје во смисла на овој правилник е подрачјето на една или повеќе општини на кое возилата при регистрацијата добиваат регистарски таблици со определена ознака на регистрационото подрачје.

Член 3

На територијата на Република Македонија се утврдуваат следните регистрациони подрачја:

1. Битола - за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Могила и Новаци;
2. Велес - за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;
3. Гевгелија - за подрачјето на општините: Богданци, Валандово, Гевгелија и Дојран;
4. Гостивар - за подрачјето на општините: Врапчиште, Гостивар, Маврово и Ростуша;
5. Кавадарци - за подрачјето на општините: Демир Капија, Кавадарци, Неготино и Росоман;
6. Кичево - за подрачјето на општините: Вранештица, Другово, Зајас, Кичево, Македонски Брод, Осломеј и Пласница;
7. Кочани - за подрачјето на општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево и Чешиново-Облешево;
8. Крива Паланка - за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;
9. Куманово - за подрачјето на општините: Кратово, Куманово, Липково и Старо Нагоричане;
10. Охрид - за подрачјето на општините: Дебарца, Охрид и Ресен;
11. Прилеп - за подрачјето на општините: Долнени, Кривогаштани и Прилеп;
12. Радовиш - за подрачјето на општините: Конче и Радовиш;
13. Скопје - за подрачјето на општините во град Скопје, како и за подрачјето на општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер - Сандево;
14. Струга - за подрачјето на општините: Вевчани, Дебар, Струга и Центар Жупа;
15. Струмица - за подрачјето на општините: Босилово, Василево, Ново Село и Струмица;
16. Тетово - за подрачјето на општините: Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце, Теарце и Тетово и
17. Штип - за подрачјето на општините: Карбинци, Лозово, Пробиштип, Свети Николе и Штип.

Член 4

Регистрационите подрачја од член 3 на овој правилник се означуваат со ознаки.

Ознаките на регистрационите подрачја, се наведени во Списокот на ознаките на регистрационите подрачја, кој е даден во Прилог бр. 1 и составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за регистрационите подрачја за моторни и приклучни возила ("Службен весник на Република Македонија" бр. 140/07).

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14.1-47847/1
20 јули 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Прилог бр. 1

## СПИСОК НА ОЗНАКИТЕ НА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА

**1. БИТОЛА .................. BT**

**2. ВЕЛЕС .................. VE**

**3. ГОСТИВАР............... GV**

**4. ГЕВГЕЛИЈА ............ GE**

**5. КАВАДАРЦИ .......... KA**

**6. КИЧЕВО .................. KI**

**7. КОЧАНИ ................. KO**

**8. КРИВА ПАЛАНКА ....KP**

**9. КУМАНОВО ............ KU**

**10. ОХРИД .................... OH**

**11. ПРИЛЕП ................ PP**

**12. РАДОВИШ ............... RA**

**13. СКОПЈЕ .................. SK**

**14. СТРУМИЦА ............ SR**

**15. СТРУГА .................... SU**

**16.ТЕТОВО .................. TE**

**17. ШТИП ......................ŠT**